# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk


# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК


| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **27.10.2023 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 10 – 2023 год.** |

ОКТОМВРИ 2023

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 5/02) и член 9 и 10 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија” број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за измена на одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие „Комунална хигиена” - Македонски Брод

Член 1

Во Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие „Комунална хигиена” - Македонски Брод „Службен гласник на Општина Македонски Брод” број 3/2015 и 5/2015), членот 8 се менува и гласи:

Износот на средствата за основање на претпријатието ги обезбедува Општина Македонски Брод како основачки влог.

Основачкиот влог се состои во материјални средства, и тоа:

- трактор со кабина Т1, марка SOLIS 75 RX 4WD, со број на шасија KZHDG79445253 и со бр.на мотор 4100TL830783865;
- приколка за трактор R3, марка TINAZ, DP - TD - 5 TON, идентификационен број на шасијата HEMO 98;
- плуг за чистење на снег, марка Metal Technik, сериски број 010569;
- тракторски алат за метење на улици, марка Metal Technik;
- приклучна машина на трактор за посипување на сол по улици, Соларка, марка Agrex,

сопственост на Општина Македонски Брод, чија вредност е утврдена по проценка од овластен проценител која е составен дел на оваа одлука.

Износот на средствата за основање на претпријатието што ги обезбедува Општина Македонски Брод како основачки влог изнесува 1.150.050,00 денари.

Основачкиот влог, Основачот – Советот на Општина Македонски Брод го пренесува на ЈКП „Комунална хигиена”- Македонски Брод.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 776/3
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 39 и член 41 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на РМ“ бр.82/08, 12/09, 53/11 и 150/15 и „Службен весник на РСМ“ бр.190/19 и 122/21) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за формирање на постојана комисија за унапредување на правата на пациентите

Член 1

Советот на Општина Македонски Брод формира комисија за унапредување на правата на пациентите на територијата на Општина Македонски Брод.

Член 2

Составот на комисијата е од дванаесет членови од кои двајца претставници на пациентите-членови на здруженијата на пациенти, двајца претставници од здруженија што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи, еден претставник од здружение која се занимава со правата на жените, еден претставник од здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост, двајца лекари од општината и тројца членови делегирани од советот на Општина Македонски Брод.

Член 3

Персоналниот состав на комиисјата е:

1. Гордана Војнеска – спец.интернист.доктор ЈЗУ
2. Спаско Ѓурчиноски -д-р општа медицина ПЗУ
3. Тони Цветкоски - д-р општа медицина ЈЗУ
4. Горан Иваноски - лаборант ЈЗУ
5. Марјан Ѓурчески – советник - Општина М.Брод
6. Марина Јованоска - советник - Општина М.Брод
7. Румена Михајлоска - НВО
8. Ана Марија - советник - Општина М.Брод
9. Анета Терзиоска – ЈЗУ
10. Славе Блажески - ЗГ
11. Магдалена Здравеска - член на НВО
12. Рада Милованоска - крводарител

Член 4

Мандатот на членовите на комисијата изнесува две години, со право на уште еден последователен избор.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 -776/4
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20), член 22 став 1 точка 8, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), и врз основа на барање од УО на ООУ „Св.Климент Охридски” - Македонски Брод со арх.број 18-775/1 од 18.10.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за започнување на постапака за престанување со работа на подрачното училиште во с.Црешнево при ООУ „Св.Климент Охридски” - Македонски Брод

Член 1

Со оваа Одлука, се започнува постапка за престанување со работа на подрачното училиште во с.Црешнево при ООУ „Св.Климент Охридски” - Македонски Брод, поради немање на доволен број на ученици.

.

Член 2

Учениците кои во моментов се запишани во подрачното училиште во с.Црешнево при ООУ „Св.Климент Охридски” - Македонски Брод ќе продолжат со настава во најблиското подрачно училиште, односно во подрачното училиште во с.Манастирец при ООУ „Св.Климент Охридски” - Македонски Брод.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на општина Македонски Брод да ја спроведе одлуката.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 776/5
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 20-а и 20-б од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14 ... 27/16), член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 11/22), по доставено барање од ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод со арх.бр. 18-783/1 од 19.10.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за недавање на согласност на План за вработување на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за 2024 година

Член 1

Советот на Општина Македонски Брод донесе Одлука за недавање на согласност на План за вработување на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за 2024 година со бр. 02-242/1 од 22.08.2023 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 776/6
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 20-а и 20-б од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14 ... 27/16), член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 11/22), по доставено барање од ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод со арх.бр.18-783/3 од 20.10.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за недавање на согласност на План за вработување на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2024 година

Член 1

Советот на Општина Македонски Брод донесе Одлука за недавање на согласност на План за вработување на ЈП „Водовод и канализација” Македонски Брод за 2024 година со бр. 01-170/1 од 21.08.2023 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18-776/7
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, по доставено барање од Андријана Новеска со бр.18-779/1 од 18.10.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница, одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Андријана Новеска

1. Се прифаќа Барањето бр.18-779/1 од 18.10.2023 година од Андријана Новеска (ополномоштена за мајка Јагода Новеска) од Македонски Брод за одобрување на еднократен надоместок за лекување од тешко заболување како еднократна парична помош во износ од 3.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 776/8
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, по доставено барање од Слаѓана Јованоска со бр.18-740/1 од 03.10.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница, одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Слаѓана Јованоска

1. Се прифаќа Барањето бр.18-740/1 од 03.10.2023 година од Слаѓана Јованоска со престој во Македонски Брод за одобрување на еднократен надоместок за лекување од тешко заболување како еднократна парична помош во износ од 3.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 776/9
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, по доставено барање од Зоран Пројкоски со бр.18-690/1 од 06.09.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница, одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Зоран Пројкоски

1. Се прифаќа Барањето бр.18-690/1 од 06.09.2023 година од Зоран Пројкоски од село Зркле за одобрување на еднократен надоместок на социјално загрозено семејство како еднократна парична помош во износ од 3.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 776/10
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, по доставено барање од Ленка Димитриеска со бр.18-704/1 од 19.09.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница, одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Ленка Димитриеска

1. Се прифаќа Барањето бр.18-704/1 од 19.09.2023 година од Ленка Димитриеска од Македонски Брод за одобрување на еднократен надоместок на социјално загрозено лице како еднократна парична помош во износ од 3.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 776/11
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, по доставено барање од Благоја Мицкоски со бр.18-716/1 од 25.09.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница, одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Благоја Мицкоски

1. Се прифаќа Барањето бр.18-716/1 од 25.09.2023 година од Благоја Мицкоски од село Сланско за одобрување на еднократен надоместок поради тешко заболување како еднократна парична помош во износ од 3.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 776/12
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22) и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, по доставено барање од Толески Радован со бр.18-686/1 од 05.09.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница, одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Радован Толески

1. Се прифаќа Барањето бр.18-686/1 од 05.09.2023 година од Радован Толески од Македонски Брод за одобрување на еднократен надоместок за лекување од тешко заболување како еднократна парична помош во износ од 3.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 776/13<br>24.10.2023 година<br>Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод<br>Претседател,<br>Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22), по доставено барање од Даниел Крстески од Македонски Брод со арх.бр.08-679/1 од 30.08.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27 - та седница одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод по барање од Даниел Крстески од Македонски Брод, за спонзорство за снимање на видео спот

1. Советот на Општина Македонски Брод на 27-та седница одржана на ден 24.10.2023 година на барање од Даниел Крстески од Македонски Брод донесе решение за одобрување на финансиски средства во износ до 6.000,00 МКД како спонзорство за снимање на музички видео спот.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 776/ 14
24.10.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22), по доставено барање од СОУ „Св.Наум Охридски“ - М.Брод со арх.бр.18-777/1 од 18.10.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27 - та седница одржана на ден 24.10.2023 година донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод по барање на СОУ „Св.Наум Охридски“ - М.Брод за набавка на прехрамбени продукти за учесници за приготвување на оброци и производи од костен

1. Советот на Општина Македонски Брод на 27 - та седница одржана на ден 24.10.2023 година на барање од СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод донесе решение за одобрување на финансиски средства во износ до 20.000,00 МКД согласно доставената фактура за набавка на прехрамбени продукти за учесници за приготвување на оброци и производи од костен.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 776/ 15
24.10.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22), по доставено барање од училишен спортски клуб при ООУ „Св.Климент Охридски“ - М.Брод со арх.бр.08-755/1 од 10.10.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 27 - та седница одржана на ден 24.10.2023 година донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод по барање на училишен спортски клуб при ООУ „Св.Климент Охридски“ - М.Брод за набавка на храна за учесници на регионално првенство за деца со посебни потреби

1. Советот на Општина Македонски Брод на 27 - та седница одржана на ден 24.10.2023 година на барање од училишен спорстки клуб при ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод донесе решение за одобрување на финансиски средства за набавка на 70 сендвичи и 70 води за учесници на регионално првенство за деца со посебни потреби согласно доставената фактура за набавка на истите.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 776/ 16
24.10.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 11/22), а во врска со поднесени барања од правни и физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 27 - та седница одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за препраќање на барања од м.з. до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина

1. Барањето од месна заедница од село Звечан, Македонски Брод, со арх.бр.18-741/1 од 03.10.2023 година, за обезбедување на водоводно црево за санација на водоводната мрежа, се разгледа и се прифати.

1.2. Барањето од месна заедница од с.Г. и Д.Ботушје, Македонски Брод, со арх.бр.18-765/1 од 16.10.2023 година, за санација на локлаен пат, се разгледа и се прифати.

1.3. Барањето од месна заедница од с.Самоков, Македонски Брод, со арх.бр.18-720/1 од 27.09.2023 година, за решавање на проблемот со исправноста на водата за пиење и др.поставени проблеми, се разгледа и се прифати.

1.4 Барањето од ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод, бр.18-774/1 од 18.10.2023 година, во врска со парцелизација во градски гробишта, се разгледа и се прифати.

2. Горенаведените барања се препраќаат до Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина и се задолжува да постапи по истите, во рамките на програмите да се изнајде начин за нивно вклопување и реализирање.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 776/17
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 11/22), а во врска со поднесени барања од правни и физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 27 - та седница одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за препраќање на барања до УО на ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод

1. Барањето од ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод, бр.18-774/1 од 18.10.2023 година, во врска со наплатата на гробна такса и укинувањето на солидарен погреб и бесплатно гробно место, се разгледа и се задолжува УО на ЈКП „Комунална хигиена” за допрецизирање на барањето со писмено образложение.

2. Барањето од ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод, бр.18-783/1 од 19.10.2023 година, за вклучување во систем на управување со отпад на селата Латово, Белица и Драгов дол, се разгледа и се прифати со задолжение до УО на ЈКП „Комунална хигиена” за наредна седница на Советот на Општина Македонски Брод да достави предлог Одлука за висината на услугата по населени места.

3 Барањето од ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод, бр.18-742/1 од 03.10.2023 година, за одредување на точна локација за ископ на јама за закопување на застрелани диви свињи, се разгледа и се задолжува ЈКП „Комунална хигиена” за наредна седница на Советот на Општина Македонски Брод да достави предлог локација со образложние.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 776/18
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и број 08-701/1 од 14.09.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод, на 27 - та седница, одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за задолжување на Секторот за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина по барање од Група граѓани од село Русјаци

Се задолжува Секторот за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина, да го разгледа Барањето со број 08-701/1 од 14.09.2023 година, да изврши увид на лице место, да ја утврди фактичката состојба и да даде предлог решение по однос на поднесеното барање за обезбедување на услови за приклучок на електрична мрежа на ЕВН на нова селска населба во село Русјаци.

Секторот за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина согласно точка 1 писмено да го извести Советот на Општина Македонски Брод за предлог решението по однос на поднесеното барање заради понатамошно постапување.

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 – 776/19
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 5/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), Советот на Општина Македонски Брод на 27 - та седница одржана на ден 24.10.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за определување на слободни термини за користење на спортски објекти во состав на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод

Член 1

Со оваа Одлуката се определуваат слободни термини за користење на спортски објекти во состав на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод.

Член 2

Слободните термини од член 1 од оваа Одлука се определуваат за секој вторник и четврток во неделата, односно месецот во период од 16 часот до 18 часот, во текот на учебната година.

ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод има право да врши измена на термините за слободно користење на спортските објекти, за кое нешто треба да објави известување на интернет страниците кои ги користи.

Член 3

Се задолжува службите во ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод слободните термини да ги објават на интернет страниците кои ги користат и на самите спортски објекти.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 776/20
24.10.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуки и заклучоци донесени на 27-та седница одржана на ден 24.10.2023 година

Се објавуваат Одлуките и заклучоците, што Советот на Општина Македонски Брод ги донесе на 27-та седница, одржана на ден 24.10.2023 години и тоа како следи:

- Одлука за измена на одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие „Комунална хигиена” - Македонски Брод

- Одлука за формирање на постојана комисија за унапредување на правата на пациентите

- Одлука за престанување со работа на подрачното училиште во с.Црешнево при ООУ „Св.Климент Охридски” - Македонски Брод

- Одлука за недавање на согласност на План за вработување на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за 2024 година

- Одлука за недавање на согласност на План за вработување на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2024 година

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Андријана Новеска

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Слаѓана Јованоска

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Зоран Пројкоски

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Ленка Димитриеска

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Благоја Мицкоски

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Радован Толески

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод по барање од Даниел Крстески од Македонски Брод за спонзорство за снимање на видео спот

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод по барање на СОУ „Св.Наум Охридски“ - М.Брод за набавка на прехрамбени продукти за учесници за приготвување на оброци и производи од костен

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод по барање на училишен спортски клуб при ООУ „Св.Климент Охридски“ - М.Брод за набавка на храна за учесници на регионално првенство за деца со посебни потреби

- Заклучок за препраќање на барања од м.з. до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина

- Заклучок за препраќање на барања до УО на ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод

- Заклучок за задолжување на Секторот за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина по барање од Група граѓани од село Русјаци

- Одлука за определување на слободни термини за користење на спортски објекти во состав на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод

Бр .08 - 776/21<br>27.10.2023 година<br>Македонски Брод

Општина Македонски Брод<br>Градоначалник,<br>м-р Жарко Ристески, с.р.

**Службен гласник број 10 од 27.10.2023 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за измена на одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие „Комунална хигиена" Македонски Брод ........................................................................ стр. 2

Одлука за формирање на постојана комисија за унапредување на правата на пациентите ......................................................................................................................... стр. 3

Одлука за започнување на постапка за престанување со работа на подрачното училиште во с.Црешнево при ООУ „Св.Климент Охридски" Македонски Брод ........... стр. 4

Одлука за недавање на согласност на План за вработување на ЈКП „Комунална хигиена" Македонски Брод за 2024 година ....................................................................... стр. 5

Одлука за недавање на согласност на План за вработување на ЈП „Водовод и канализација" Македонски Брод за 2024 година ............................................................. стр. 6

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Андријана Новеска ............................................... стр. 7

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Слаѓана Јованоска ................................................ стр. 8

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Зоран Пројкоски .................................................. стр. 9

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Ленка Димитриеска ........................................... стр. 10

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Благоја Мицкоски .............................................. стр. 11

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Радован Толески ................................................ стр. 12

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски брод по барање од Даниел Крстески од Македонски Брод за спонзорство за снимање на видео спот ......................................................................................................................................... стр. 13

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод по барање на СОУ „Св.Наум Охридски" М.Брод за набавка на прехранбени продукти за учесници за приготвување на оброци и производи од костен ........................................ стр. 14

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод по барање на училишен спортски клуб при ООУ „Св.Климент Охридски" - М.Брод за набавка на храна за учесници на регионално првенство за деца со посебни потреби ............... стр. 15

Заклучок за препраќање на барања од м.з. до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина ........................................................................ стр. 16

Заклучок за препраќање на барања до УО на ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод .............................................................................................................................. стр. 17

Заклучок за задолжување на Секторот за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина по барање од Група граѓани од село Русјаци .............. стр. 18

Одлука за определување на слободни термини за користење на спортски објекти во состав на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод ........................................... стр. 19

Заклучок за објавување на Одлуки и заклучоци донесени на 27-та седница одржана на ден 24.10 .2023 година ........................................................................................... стр. 20